**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-136/2**

**Скопје, 24.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА РАДОВИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Радовиш за 2004 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Радовиш за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- проф.д-р Ристе Кукутанов, градоначалник на општина Радовиш, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.11. до 16.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Бљерта Селмани - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Спротивно на Законот за буџетите, Советот на општина Радовиш нема донесено Програма за улично јавно осветлување. Ова е поради што одржувањето на уличното јавно осветлување е во надлежност на Одборот за енергетика кој делува независно од работењето на службите на Општина Радовиш.
Одговорните лица во Општина Радовиш немаат сознание за тоа колку материјали се потребни за тековно одржување или колку се набавени, а колку се вградени. Сето ова се реализира преку одборот за енергетика чиј претседател е директор на подружницата на ЕСМ во Радовиш. Набавените материјали се чуваат во просториите на подружницата, а општината нема увид во нивното трошење, ниту пак е извршен попис на материјалите кои се наоѓаат на залиха на ден 31.12.2004 година. Ова овозможува непланирани трошоци за кои нема обезбедено финансиски средства и неможност за следење и задоволување на потребите на населението. Непостоењето на внатрешни контролни постапки доведува до појава на зголемени трошоци и до ненаменско користење на средствата.
**Препорака:**
Да се донесе Програма за улично јавно осветлување со дефинирани видови на расходи како и изворите на средствата од каде ќе се финансираат овие расходи. Реализирањето на истата треба да е во надлежност на стручни лица ангажирани од Општината, кои за своите активности ќе одговараат пред Градоначалникот и Советот.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Општината нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Немањето на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и општина Радовиш да воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

10.2.2. По укинувањето на Фондот за уредување на градежно земјиште и локални патишта во јануари 2004 година, службите на општина Радовиш не постапиле во склад со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно немаат извршено попис на:

- материјалните средства и залихите на материјали и ситен инвентар,
- паричните средства,
- побарувањата и обврските,
- усогласување на меѓусебните односи Фонд-Орган,
- нема извршено архивско примопредавање на документацијата.

Спротивно на наведениот закон, во евиденцијата на Органот на општината не е извршено превземање на состојбите од сметките искажани во Билансот на состојба изготвен на 31.01.2004 година. Наместо тоа, во Билансот на приходи и расходи на Органот на Општина Радовиш, искажани се состојбите од соодветните сметки на Фондот. Како ефект од сето ова се појавува нереално искажување на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи за 2004 година, и нереално искажување на билансните состојби во Билансот на состојба на 31 декември 2004 година на општина Радовиш.

**Препорака:**
Општина Радовиш како правен наследник на сите средства, побарувања и обврски од укинатиот Фонд, треба истите да ги искаже во својот Биланс на состојба.

10.2.3. Спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, обврските спрема добавувачите во сметководствената евиденција на општината не се евидентираат во моментот кога настанал должничко доверителнот однос и кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга тука се евидентираат во моментот на плаќање на истите. Општина Радовиш нема искажано обврски во финансиските извештаи за тековната и минатите години иако има доставено известување до Министерството за финансии за ненамирени обврски до 31.12.2004 година. Во 2004 година се плаќаат обврски кои потекнуваат од минати години. Со ваквиот начин на евидентирање се нема реална состојба на обврските спрема добавувачите како и на задолженоста на општината. Ова се должи на една долго применувана пракса и непочитување на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**
Обврските спрема добавувачите да се евидентираат во сметководствената евиденција кога настанал должничко доверителниот однос, без разлика дали се платени или не. На тој начин, во секој момент општината има реална слика за вкупната состојба на обврските спрема добавувачите и за делот од истите кој е платен и делот кој останува за плаќање.

10.2.4. Општина Радовиш не води книга на основни средства спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од причина што со години наназад, состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи. Оваа евиденција не обезбедува податоци за зголемување на набавната вредност од реконструкции, ревалоризација, или намалување поради отписи, отуѓувања и слично. Немањето на доволно податоци доведува до неусогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот. Ревизијата констатира неусогласување на почетната состојба на материјалните средства за 2004 година со вредноста на истите утврдени со пописот од


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

2003 година, кај опремата од 128 илјади денари, исправката од 45 и изворите на капитални средства во износ од 83 илјади денари.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство да воведе книга на основните средства.

10.2.5. Во врска со набавката и трошењето на материјалите и ставањето во употреба на ситниот инвентар не е утврдена конзистентна сметководствена политика за евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивен отпис при ставање во употреба, која треба да се применува во целиот пресметковен период согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите. Претходно наведеното, доведува, да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар и да се нема политика за евидентирање на истите.

**Препорака:**

- Евидентирањето на набавката на ситниот инвентар да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:
  - ќе се утврди потребата за набавка;
  - ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
  - ќе се организира простор за прием на залихите;
  - ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требовање.

10.2.6. И покрај тоа што биле направени чекори во однос на обезбедување на имототни листи согласно Решението број 23-257/90 од 8.02.2000 година по делбениот биланс на РМ со општините, сепак не се обезбедени документи за расположивиот имот, ниту се преземени мерки за утврдување на вредноста на објектите за кои нема никаква дилема во однос на сопственоста (зградата во која работел фондот), и нивно евидентирање во сметководствената евиденција. Ваквото постапување е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереална состојба на средствата и нивните извори.

**Препорака:**

Да се формира комисија од стручни лица која ќе има задача да ја утврди вредноста на објектите кои се сопственост на општина Радовиш и одделението за сметководство да изврши евидентирање на истите во сметководствената евиденција.

10.2.7. Општина Радовиш во 2004 година има активности на повеќе објекти како што се патишта, улици, водовод во населба Дамјан, Фонтана парк на млади, фекален колектор и други објекти за кои се направени расходи во износ од 6.116 илјади денари кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Не водењето евиденција за локалните улици и патишта е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02).

И покрај претходно наведеното во Општина Радовиш нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава точна состојба на материјалните средства и нивните извори во општината.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици (сервисни и стамбени) кои припаѓаат на општината Радовиш, и


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

**10.3. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

10.3.1. Извршено е преценување на вкупните расходи и вкупните приходи во Билансот на приходи и расходи во износ од 503 илјади денари за неосновано искажаните расходи и приходи кои потекнуваат од укинатиот Фонд за уредување на градежно земјиште и локални патишта. За периодот во кој во 2004 година работи Фондот, има изготвено и доставено финансиски извештаи до надлежните институции. Непостапувањето согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници придонесува до нереални финансиски иавештаи.
**Препорака:**
Во евиденцијата треба се искажат сметките од Билансот на состојба од Фондот, бидејќи Општина Радовиш е правен наследник на сите побарувања и обврски и сопственик на сите парични и материјални средства на укинатиот Фонд..

10.3.2. Поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно непримена на принципот на парично искажување на промените, извршено е преценување на вкупните приходи и вкупните расходи во износ од 10.161 илјади денари. Ова е од причина што реализираните компензации и цесии не се спроведени преку сметката во деловната банка, туку само сметководствено се евидентирани и кај сметката на Буџетот и кај сметката на Органот. Ова доведува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се почитува буџетскиот принцип на парично искажување на промените во сметководството, согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

10.3.3. Начинот на евидентирање на приходите што се применува во сметководството на Општина Радовиш е спротивно на Правилникот за содржината на сметките за буџетските корисници, односно приходите во Органот се евидентираат на истите сметки на кои се евидентираат при нивното остварување во Буџетот. На овој начин извршено е нереално искажување на одделни видови приходи, односно ставката Тансфери и донации е потценета во износ од 6,490 илјади денари а се преценети ставките:

- Даночни приходи во износ од 5,564 илјади денари
- Неданочни приходи во износ од 752 илјади денари и
- Капитални приходи во износ од 174 илјади денари.

Ваквиот начин на евидентирање создава нереална слика за остварените приходи по сите основи.
**Препорака:**
При евидентирањето на приходите да се постапува согласно Правилникот за содржината на сметките за буџетските корисници, приходите кај органот треба да бидат евидентирани како трансфери од Буџетот на општината.

10.3.4. Ставката Тансфери и донации е преценета во износ од 260 илјади денари за кој износ е преценета ставката Вишок на приходи над расходи поради нереално утврден вишок од 2003 година. Имено постои неусогласување на состојбата на сметката со Вишокот на приходи над расходи. Ова е резултат на пресметковното евидентирање на дел од сметководствените промени спротивно на Законот за сметководсто на буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**
Да се почитува Законот за сметководство поточно член 18 од истиот, начелото на парично искажување на промените во сметководството и да се врши логична контрола на усогласеност на паричните средства со Вишокот на приходи.

10.3.5.Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е преценета во вкупен износ од 258 илјади денари, за исплатените нето функционерски плати на секретарот на Советот и на градскиот архитект, за кој износ е потценета потставката Основни плати-работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведените лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.
**Препорака:**
При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кои имаат третман на функционери, а за останатите Законот за исплата на плати.

10.3.6. Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги во одреден број случаи на износ од 124 илјади денари не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции);
- кој е корисник на услугата од општината како и кога истата е извршена;
- сметкопотврдите од угостителските објекти најчесто се непотполни (нема дата, број, за кого се однесува и слично);

Извршените промените во сметководството врз основа на вакви документи е во спротивност со член 12 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 10 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш. Непостоењето на внатрешни контролни постапки придонесува за зголемување на трошоците.
**Препорака:**
Финансиските трансакции треба да се заснива на вердостојна, исправна и комплетна влезна докумнетација да ги има сите неопходни елементи и едновремено да се применува член 10 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш.

10.3.7. За искажаните расходи на ставката Други оперативни расходи во износ од 791 илјади денари (36% од вкупните расходи на оваа ставка), ревизијата се оградува од реалноста на истите и тоа:

- извршена е исплата на 454 илјади денари по основ на фактури од минати години кои не се евидентирани како неплатени обврски;
- исплатени се 66 илјади денари за надоместоци на советниците за присуство на седница во октомври 2003 година исто така неевидентирани во сметководството;
- пресметковно се утврдени расходи во износ од 270 илјади денари по основ на затворање на дел од дадените аванси на Фондот за уредување на градежно земјиште и локални патишта од претходни години за кое затварање нема документација.

Поради непочитување на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници немањето евиденција на обврските од претходните години, ревизијата не можеше да се увери во реалноста на овие исплати, од причина што постои можност истите да се измирени и во претходниот период.

**Препорака:**
Да се врши евиденција на обврските во моментот на настанување а неизмирените обврски да бидат планирани за исплата со буџетскиот документ за наредната година.

10.3.8. Ставката Изградба, реновирање и унапредување е прецената во износ од 574 илјади денари за кој износ е потцент Вишокот на приходи над расходи поради незаконски исплатените средства на Алфа Инженеринг по договор 08-470/1 од 21.05.2004 година за изведба на водоводна мрежа.
По наодите наведни во Конечниот извештај од Централната внатрешна ревизија при Министерството за финансии во однос на набавките во 2003 година, како и во увидот во расположивата документацијата, конститрано е следново:
Во текот на 2003 година спроведена е постапка за избор на најповолен понудувач за изведба на водоводна мрежа во која постапка е избрана фирмата Алфа инженеринг, иако не е најповолна понуда. Во жалбената постапка, Комисијата за жалби при Владата на РМ донесува решение со кое се поништува одлуката за избор на најповолен понудувач. Спротивно на решението, комисијата за јавни набавки во општина Радовиш врши повторно рангирање на понудувачите и повторно го избира Алфа Инженеринг. Без натамошна постапка за избор, со Алфа инженеринг склучен е договор број 08-470/1 од 21.05.2004 година на износ од 690 илјади денари спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки, односно пред истекот на рокот за жалби
На 05.12.2003 година од Министерство за транспорт и врски одобрени се средства на Алфа Инженеринг во износ од 1,000 илјади денари согласно одлуката на Владата на РМ 23-3333/ од 14.07.2003 година за распределба на средства за изграба на водоводи и третман на отпадни води по фиктивно доставени договори, времени ситуации и цесии меѓу општина Радовиш и Алфа Инженеринг. Дел од одобрените средства во износ од 426 илјади денари Алфа инженеринг ги има вратено на сметката на Органот на ден 30.12.2003 година. За оправдување на останатите средства, склучен е наведениот договор. Ситуациите и градежниот дневник се потпишани од надзорот кој во времето на спроведување на изборот за најповолен понудувач е претседател на комисијата за јавни набавки.
Ревизијата утврди дека во текот на 2004 година општина Радовиш го има исплатено договорот во целост.
**Препорака:**
Да се превземат мерки за утврдување на извршувањето на договорот, да се спроведат мерките во врска со извештајот на внатершната ревизија при Министерството за финансии на Република Македонија, да се утврди одговорност на лицата, да се направат напори неосновано исплатените средствата да се вратат во целост на сметката на Општина Радовиш.

### 10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.4.1. Позицијата Парични средства е прецената за износ од 19 илјади денари и за истиот износ е прецената позицијата Пасивни временски разграничувања, за невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот на општина Радовиш, што е спротивно на член 36 од Законот за буџетите. За истиот износ се потценети приходите и Вишокот на приходи над расходи кај Буџетот на Општина Радовиш. Непочитувањето на Законот за буџетите придонесува до нереални финансики извештаи.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за буџет поточно членот 36, паричните средства од сметката на Органот да се вратат на сметката на буџетот и со новиот буџетски документ истите да бидат планирани за одредени намени.

10.4.2. Извршено е потценување на ставката Материјални средства во подготовка во износ од 6,153 илјади денари, за кој износ е потцената ставката Извори на капитални

средства. Поради непримена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, не се превземени состојбите од Билансот на состојба од укинатиот фонд. Овие инвестиции се започнати од Фондот во 2003 година, а довршени се од Органот и се однесуваат на изградба на локален пат до с. Ораовец во износ од 5,000 илјади денари и канализациона мрежа во износ од 1,153 илјади денари. Непочитувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници доведува до нереална состојба на материјалните средства и нивните извори.

**Препорака:**

Надлежното одделение за сметководство во општина Радовиш да преземе мерки за евидентирање на овие состојби.

10.4.3. Состојбите на ставките Побарување за дадени депозити и кауции во износ од 231 илјади денари и Примени аванси, депозити и кауции во износ од 270 илјади денари се нереално утврдени. Состојбите на овие ставки се на основа дадени и примени аванси во минати години меѓу Органот и Фондот за кое на ревизијата не и беа презентирани документи. За дадените и примените средства нема донесно одлука или решение.

Поради тоа што по укинувањето на Фондот не е извршено усогласување на меѓусебните односи, спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, во Билансот на состојба искажани се побарувања и обврски кон субјект кој не постои, што значи нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува надлежната служба да ги утврди основите на овие меѓусебни односи и да донесе предлог за нивно усогласување со оглед на фактот што Фондот не постои. Советот да донесе соодветни одлуки за регулирање на овие состојби.

10.4.4. Ставката Материјални средства во делот на подставката Опрема е потценета во износ 127 илјади денари поради што е потценета подставката Исправка на вредноста на опремата во износ од 3 илјади денари и ставката Извори на капитални средства во износ од 124 илјади денари. Ова е резултат на погрешното искажување на набавната вредност на компјутери превземени од Фондот, а поради недостиг од материјална евиденција на средствата спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Имено, поединечната набавна вредност на еден компјутер е искажана како вкупна вредност за сите 3 компјутери. Без да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба на опремата, лицето одговорно за сметководствената евиденција извршило „усогласување" на овие состојби со промени на сметките на основните средства кои значат нивно намалување.

**Препорака:**

Да се воведе материјална евиденција на основните средства и да се изврши корекција во сметководствената евиденција согласно наодот од ревизијата.

10.4.5. Извршено е преценување на ставката Исправка на вредноста на материјалните средства во износ од 61 илјади денари поради погрешно пренесена вредност на Исправка на вредноста на гардежните објекти во износ од 55 илјади денари и Исправка на вредноста на опремата во износ од 6 илјади денари, по извршениот попис на основните средства превземени од Фондот. Поради тоа потценета е ставката Извори на капитални средства за истиот износ.

Ова е од причина што во Фондот при изготвувањето на завршната сметка согласно зконските одреби, пресметана е амортизација заклучно со месец јануари 2004 година кога Фондот е укинат. Во сметководствената евиденција на Органот, пресметаната амортизација за јануари 2004 е искажана како состојба до 31 декември 2003 година. Од друга страна, извршено е пресметување на амортизација за 12 месеци во 2004 година без претходно да се намали амортизацијата за Јануари 2004 година, спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**Препорака:**
Да се изврши корегирање на неосновано извршеното намалување на материјалните средства и нивните извори.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1. Поради непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки , утврдени се следниве неправилности:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 1,778 илјади денари (Прилог бр.1 точка 1).
- Со Дамако Инженеринг од Радовиш склучен е договор 03-472 од 24 мај 2004 година за поплочување на улици со бехатон плочки чија вредност е 889 илјади денари. Во сметководствената евиденција приложени се времени ситуации на вкупна вредност е 1,917 илјади денари. За двојно зголемената вредност на инвестициите, односно за износот од 1,028 илјади денари нема спорведено нова набавка, спротивно на Законот за јавни набавки.
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката за набавките од мала вредност,
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.
- Општината не постапува согласно член 22 од Законот за јавни набавки во смисла на утврдување на максималната цена потребна за вкупната набавка, над која не може да биде прифатена понудата.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки придонесува да се фаворизираат одредени субјекти, ја елиминира конкуренцијата, придонесува за набавки по зголемени цени.

10.5.2. При постапката за избор на понудувач за изработка на инвестиционо-техничка документација за Зелен Пазар Радовиш, извршен е избор меѓу тројца понудувачи од кои еден не е избран како можен понудувач во претходно спроведената постапка за преткvalификација. Согласно законот за јавни набавки било неопходно постапката да се повтори, а не да се изврши избор. На овој начин се постапува спротивно на Законот за јавни набавки и се врши фаворизирање на одделни добавувачи.

10.5.3. Спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, Општина Радовиш во функција на реализирање на програмите, самостојно врши набавка и превоз на материјали за одделни проекти како што е изградба на потпорен зид во Шаин Маале и други. Одговорни лица за реализација на овие проекти се градежните техничари и инжинери вработени во општината. При тоа набавката на материјалите се врши по претходно доставени барање и спецификација за потребни материјали според моменталните потреби на објектот, кои ги одобрува градоначалникот. Набавката се врши од било која фирма во градот, без да се обезбедат никакви понуди.
На овој начин се потрошени средства во износ од 1,184 илјади денари (Прилог 1 точка 2.) за кои не може да се дефинира на кој конкретен проект се потрошени.
Ова овозможува фаворизирање на одредени фирми, немање можност за постигнување на пониски цени, не постои можност за контрола на набавеното и вграденото, постојат можности за злоупотреби.

**Препорака:**

- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:
- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

- Општината да не врши самата градежни работи но истата како инвеститор согласно позитивните законски прописи да избира изведувачи а нејзините стручни лица да се во функција на квалитетно извршување на Програмите.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на приходите за 260 иљади денари, преценување на трошоците за 574 иљади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 314 иљади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 6,197 иљади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2 до 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на единицата на локална самоуправа Радовиш под 31 декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.3. до 10.5., кај Органот на единицата на локална самоуправа Радовиш не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание дека Општина Радовиш е тужена странка во судски спорови и тоа со:

- ЕСМ за износ од 1,506 иљади денари по основ на улично осветлување;
- со 8 физички лица по основ на надомест за одземено земјиште без утврдена вредност, и
- две физички лица по основ на надомест на штета за кои нема утврдена вредност.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Радовиш за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Радовиш за 1999 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.2.; 10.5. и 10.7. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 19.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ЕЛС РАДОВИШ ОРГАН**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 5,564 | 1,725 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 752 | 0 |
| Капитални приходи | 3.5. | 174 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.6. | 21,243 | 14,344 |
| **Вкупно приходи** | | **27,733** | **16,069** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 6,865 | 9,382 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 5,206 | 3,131 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 3,272 | 3,071 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **15,343** | **15,584** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 12,381 | 175 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12,381** | **175** |
| **Вкупно расходи** | | **27,724** | **15,759** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **9** | **310** |

**ЕЛС РАДОВИШ ОРГАН**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 19 | 50 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 231 | 501 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 29 | 29 |
| **Вкупно тековни средства** | | **279** | **580** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 25,788 | 571 |
| **Вкупно постојани средства** | | **25,788** | **571** |
| **Вкупна актива** | | **26,067** | **1,151** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.1. | 270 | 270 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 9 | 310 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **279** | **580** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 25,788 | 571 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **25,788** | **571** |
| **Вкупна пасива** | | **26,067** | **1,151** |



***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **571** | **-** | **571** |
| **Зголемување по основ на:** | **26,222** | **40** | **26,262** |
| Набавки | 27,260 | 40 | **27,300** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| Отпис на капитални средства | 1,038 | | |
| **Намалување по основ на:** | **1,005** | **40** | **1,045** |
| Амортизација на отпишани капитални средства | 915 | | **915** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 1,920 | 40 | **1,960** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **25,788** | **-** | **25,788** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

### 1. Преглед на извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки

во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | договор | Износ | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | градежни работи – поплочување со бехатон плочки | Дамако Инженеринг | Нема | 750 | ЈН нема ни во 2003 година од Фондот |
| 2 | изведба на сокаци со бехатон плочки | Дамако Инженеринг | 03-472 | 1,028 | Дополнителни работи |
| | **Вкупно** | | | **1,778** | |

### 2. Преглед на извршени директни набавки од Општината

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | договор | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | набавка на ребрасти цевки | Алфа инженеринг | нема | 93 |
| 2 | набавка на црни профилни цевки | 22 Октомври | нема | 301 |
| 3 | набавка и превоз на песок | Валпи дооел | Нема | 148 |
| 4 | набавка на цемент, цефки, фарба, градежни алатки | Валентина дооел | Нема | 63 |
| 5 | набавка на цемент | Сигурност дооел | нема | 327 |
| 6 | ископ на ров и порамнување на улица Коџа Баир и ископ на земја со утовар | Бино дооел | Нема | 31 |
| 7 | набавка на материјали за водовод | Интер-пласт Радовиш | нема | 221 |
| | **Вкупно** | | | **1,184** |